Еколошко списание ФИДАНКА

ООУ „Христијан Карпош“ – Куманово

Број 1, март 2016 год.

Фиданка

- Фиданче младо, фиданче кревко
  што си се толку накај земја свило?
  Дали ти некоја мака мачиш,
  или пак нешто не ти е мило?

- Дете драго, од кај да тргнам,
  илјада маки јас си имам.
  Еве, првин ме боли сѐ,
  оти некои дечиња гранки ми кинат.

И воздухот овде
не се поднесува,
ветерот со прашина
само болки ми нанесува.

Околу мене отпадоци секаде,
природата на себе не личи повеќе.
И јас секој ден од тага се ронам,
и се прашувам до кога вака веќе?

Луѓето млади, луѓето стари,
а и децата неразбрани,
барем малку совест да имаат,
да се грижат за околината своја,
ќе почне и таа убавини да ни носи.

Јас вака млада и кревка
без заштита, не знам што да правам
и јас сакам од фиданка млада,
еден ден дрво да станам.

- Во право си фиданке, не срами се,
ние за тебе треба да се грижиме,
ако сакаме чист воздух
кога се играме или движиме.

Свеста кај нас заспала
но, веднаш да се разбуди мора,
а, ти, цветај ни фиданке
и уживај во младоста своја.

Мартина Митковиќ V г одделение

Планета Земја

Плането наша, моја и твоја
нека со тебе завладее зелената боја.
Планетата наша сакам да се радува,
да не тагува
и чистотата во неа да не гладува.

Нашата планета заслужува многу
зашто во неа животот се раѓа,
па секое живо суштество
за такви дела ѝ се заблагодарува.

Еј, плането, моја силуето,
со полиња и ниви родни,
со чист воздух и овошки плодни,
со детска љубов и души сродни,
жива и здрава да си многу години.

Симона Стојановска
V в одделение

Poème d’écologie

La planète est dans nos mains,
elle aime nos câlins.
Elle est fragile et précieuse
et notre responsabilité sérieuse.
Regarde ce que tu fais,
Ce n’est pas un jeu.
Rends – la, la plus belle.

Sa richesse c’est le tapis vert,
Le ciel bleu qui pleure,
Le soleil qui brille
Les garçons et les filles
Plantez des arbres et des fleurs,
Offrez l’éternité à Notre Mère !

Le monde est à la crise,
Il n’y a pas de reprise,
Tu n’as pas d’autre camping-car
Et à cause de mon regard
Tant qu’il n’est pas trop tard,
Sois écologiste !
Protège cette planète triste !

Glorija Spasovska IX g clas

ЧАД – Мртвото срце на Африка

Со 1.284.000 километри квадратни, Чад е 21 најголема земја во светот. Чад се наоѓа во Северна или Централна Африка и граничи со Либија, Судан, Нигерија и Камерун.

Пред појавувањето на нафтениот бизнис, главна суровина за извоз бил памукот. Дури и денес памукот е најизвозена суровина.

Поради својата екстремно непогодна положба и немањето излез на море, честопати ЧАД е нарекувана ***„мртвото срце на Африка“.***

Според Индексот на човековиот развој на Обединетите нации, Чад е рангирана како петта најсиромашна држава во светот, каде 80% од населението живее во сиромаштија.

Поради граѓанската војна во 1995, странските инвестиции не се присутни во Чад. Скоро започнале директни странски инвестиции во нафтениот сектор.

Преку 80% од населението на Чад преживува работејќи во сточарството и полјоделството. Во јужниот дел од земјата, 10 % од почвата е плодна. Пред појавувањето на нафтениот бизнис, главна суровина за извоз бил памукот. Дури и денес памукот е најизвозена суровина.

Поради големата разновидност на луѓе и култури, Чад има богато културно наследство. Владата на Чад се ангажирала за промовирање на чаѓанската култура со отворање на Националниот музеј на Чад и Културниот центар на Чад.

Андреј Величковски
IX б одделение

Зошто треба да се има домашно милениче?

Дружењето и играта со домашните миленици не е само радост, задоволство и желба, но има повеќекратни позитивни ефекти врз психичкиот развој на детето.

Кај децата кои имаат домашни миленичиња се развива чувство за одговорност и грижа за другите од рана возраст.

Миленикот е одличен за потполнување на слободното време. Шетајќи го домашниот миленик детето трча, вежба и дише свеж воздух, а помалку време поминува пред компјутерот.

Домашните миленици го подобруваат расположението и ја зголемуваат самодовербата кај децата . Децата кои имаат домашно милениче се комуникативни, полесно го шират кругот на пријатели, а како најважно, знаат повеќе да ги почитуваат луѓето.

Домашните миленичиња го учат детето на безусловна љубов и љубов без предрасуди, на емпатија и сочувство, а сето тоа му помага да се изгради како подобра личност која ќе биде одлично прифатена од секого и подоцна во животот.

Кучиња им помагаат на деца со посебни потреби или деца со аутизам подобро да се вклопат во општеството. Тоа е доказ дека животните можат да допрат подлабоко во детското срце отколку луѓето.

Најважно од сè е дека миленикот е вашиот верен пријател.

„ЈАЗИКОТ НА ПРИЈАТЕЛИТЕ НЕ Е СОСТАВЕН ОД ЗБОРОВИ ТУКУ ОД РАЗБИРАЊЕ “

Ние и нашите миленичиња

Тамара :

- Буба не е пребирлива и јаде сѐ што ќе ѝ дадеш. Ги сака игрите во тревата .

Антонио:

-Зајакот Гајро е многу мило зајаче. Сака да се гали. Го хранам со морковче и зелка.

Каролина:

- Буби е љубител на игрите со топка со мене и мојата сестра.

Давид:

- Бен е куче кое ги сака прошетките во природата.



Тамара:

- Мојот гулаб Жарко ја сака слободата. Го хранам со пченица.

Ивана:

- Јуниор е мојот папагал. Сака да е пуштен и да лета низ собата .

Филип:

- Моето куче Џеси го хранам со месо и млеко. Тоа сака многу да се шета.

Тијана:

- Папагалчето Поли го хранам со храна за птици. Еднаш дневно го пуштаме да лета низ собата .



Марија:

-Марко е маче кое сака да се игра со конец и многу сака да се гали.

IV одделение
Подрачно училиште во нас. „Иго Тричковиќ”

Еко кодекси

* Направи ја Земјата шарена и цветна, инаку здравјето ѝ летна !

* Не фрлај ги отпадоците дури природата те моли бидејќи неа многу ја боли!

* Да ја рециклираш старата хартија значи да го заштитиш животот на дрвјата!

* Остави го возилото, користи превоз јавен и тогаш навистина ќе станеш главен !

* Штеди ја секоја капка вода, тоа сега е во мода!

* Биди екологист на домот твој и заштити животи рој!

* Планетата е една, затоа штити ја таа е непроценливо вредна!

* Само еден зелен лист го прави воздухот чист!

* Водата не треба да се загадува бидејќи таа ве размладува!

* Тревата не се гази бидејќи и по неа некој живот лази!

* Светот е во голема еколошка криза затоа внимавај твојот живот и животот на Планетата немаат репризa !

Глорија Спасовска, Викторија Илиевска, IX г оделение

ЗА ДА СТАНЕШ ЕКОЛОГИСТ СЛАВЕН УШТЕ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОЛОГИЈА ТРЕБА ДА СИ ГЛАВЕН!!!

Ние прашавме, најмалите одговорија

Што е екологија?

- ***Екологија е да имаме чиста и здрава околина.***
- ***Околу нас да има зелена трева.***
- ***Да не расфрлуваме ѓубре насекаде.***

Кој ја загадува околината?

- ***Околината ја загадуваат луѓето.***
- ***Околината ја загадуваат фабриките.***
- ***Околината ја загадуваат автомобилите.***

Што можеме да направиме да имаме чиста околина?

- ***Да не фрламе отпадоци во реките за да не изумираат рибите.***
- ***Да се возат автомобили кои нема да испуштаат дим.***
- ***Димот од фабриките да го собереме во еден голем балон кој ќе летне многу високо.***

I д одделение

Еко клуб - размислувај за животната средина

Зошто е важно да се грижиш за животната средина?

За одговор на ова прашање ќе изведеме еден трик со јаболко. Овој трик со јаболкото ќе ни покаже од кој дел од Земјата зависи нашиот опстанок.





Пресечи ги на четвртини.
Настрана стави три четвртини.
Тоа ќе ги претставува светските океани.



Останатата четвртина пресечи ја на половина. Таа осмина е делот од Земјата на кој луѓето не можат ниту да живеат ниту да работат. Тоа се: половите, пустините, мочуриштата, високите планини. Другата осмина е подрачјето на кое има луѓе, но кои не можат насекаде да произведуваат храна.

Осмината од јаболкото пресечи ја на четири еднакви делови. Настрана стави три дела.Тие ќе го претставуваат теренот што е премногу карпест, влажен, студен или стрмен за да може на него да се произведува храна. Исто така, ги претставуваат сите градови, патишта, паркови, фабрики, паркиралишта и други места на кои луѓето живеат и работат.

Земи го останатиот дел од јаболкото (1/32). Внимателно излупи го. Тенката кора од јаболкото ја симболизира сета обработлива површина од нашата планета.Тоа е горниот слој од Земјата, тенка површина од 150 см од која во целост зависи човечкиот род.

Интересно, нели? Се надеваме дека ова ќе ве поттикне повеќе да размислуваме за заштита на животната средина.

Ученици од VII б одделение

И отпадот е убав

Во нашата училница
и отпадот е убав.
Шарена пеперутка
од хартија лета,
на ограда од дрвени
стапчиња слета.

Убави герданчиња
од цевчиња направивме,
во празна конзерва
цвеќенце поставивме.

Па, сега, свети, блеска
и носи бескрајни радости,
она што требаше
да стои во канта за отпадоци.

II в одделение

Уредување на училишниот двор - ограда

Во рамките на проектот „Еко училиште“, а со цел подобрување на еколошката состојба во училиштето и подигање на еколошка свест кај учениците и вработените, како за развивање на чувството за здрава и убава работна средина, продолжуваме со спроведување на еко активност „ Уредување на училишниот двор“.

Со помош на учениците од деветто одделение, техничкиот персонал, службата и ние наставниците, започнавме со уредување на дворното место пред спортската сала.

Оваа еко активност е од поширок карактер и затоа се работи постепено според временските услови и можности на училиштето.

Прва активност беше чистење на школскиот двор од страна на Еко екипата. Втората активност беше обработка на земјата. Трета активност бојадисување и освежување на постоечката ограда.

Четврта активност поплочување на стазите околу бистата и летниковецот. Петта активност сеење на трева.



По ова следеше нов период од активности во склоп на истиот проект

- Прва активност беше чистење на дворната површина од страна на Еко екипата (ученици и наставници);
- Втора активност беше обработка на земјата;
- Трета активност поставување на претходно подготвени огради;
- Четврта активност бојадисување на ограда (три слоја);
- Петта активност бојадисување на гуми;
- Шестта активност полнење на гумите со земја и садење на цвеќе .

Во овие еко активности учествуваа ученици од 9-то одделение, наставници (Дејан Младеновски, Валентина Бојковска, Ивана Димовска, Лидија Костиќ) и останатиот персонал од нашето училиште. Сите заедно ја демонстриравме личната одговорност за зачувување и разубавување на животната средина.

Планирани се уште вакви активности како на пример, изработка и поставување на дрвена ограда околу втората тревна површина пред салата, садење на садници, цвеќе - акцијата сè уште е во тек.

ООУ „Христијан Карпош“ – Еко училиште со сребрено знаме

Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ се имплементира преку канцеларијата во Министерството за образование и наука на Република Македонија, согласно потпишаниот Меморандум за соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка.
Програмата ја спроведува Здружението на граѓани „ОХО “ како организација со долгогодишно искуство во областа на заштитата на животната средина и еколошката едукација.
Главна придобивка од Програмата е можноста за создавање мрежа на еко-училишта и еко градинки кои ја усвоиле заштитата на животната средина како една од основните вредности во својот развој и управување.
Со членство во мрежата, еко училиштата и еко градинките добиваат можност за учество во национални и интернационални натпревари, можност за аплицирање со проекти, можност за добивање финансиска поддршка од „ОХО“, поврзување со училишта и градинки од регионот и пошироко и многу други поволности.

За таа цел, Здружението на граѓани „ОХО“ како имплементатор на Програмата, распишува конкурс за наградување на училишта и градинки за бронзено ниво, сребрено ниво и ниво на зелено знаме.
На конкурсот распишан во октомври 2015 година нашето училиште врз основа на реализираните активности планирани во Програмата на Еко одборот за период од 2014/2015 година, аплицираше за статус на сребрено ниво и се стекна со истиот. Во декември 2015 година ООУ,,Христијан Карпош“ стана дел од големата мрежа на еко училишта во државата, стекнувајќи се со Интернационален сертификат Еко училиште со сребрено знаме. Во училиштето како и досега во согласност со програмата за имплементирање на еколошката едукација во македонскиот образовен систем ќе продолжат во нормален тек да се реализираат сите активности предвидени со програмата, со поддршка на Еко тимот во училиштето.

Голема благодарност за досегашната успешна соработка до сите членови во Еко одборот.

Координатор на програмата и претседател на Еко одбор Данијела Стефановска



Плажата Whiteheaven (Бел рај), откриена е 1879 година и се смета за една од најубави светски плажи . Се наоѓа на еден остров источно од Австралискиот континент. Долга е 7 км, а препознатлива по бел песок кој е толку фин што често се користи во полирање на накит, но доста е незгоден за електронските уреди во кои лесно се вовлекува. Белата боја доаѓа од силициум диоксид кој го има 98%, а бидејќи го нема во околината се смета дека биле потребни милион години за океанот да го нанесе во тие количини.
Плажата добила награди за најеколошка и најчиста плажа на светот. На неа е забрането да се пуши и да се доведуваат кучиња.

Tubby е познато куче во свет по помагање при собирање на пластични шишиња. Неговите напори му донеле многу медали и запис во Гинисова книга на рекорди во 2011 година како куче кое рециклирало најмногу шишиња (26 000). Тој секојдневно собира пластични шишиња при прошетка со својот сопственик двапати дневно.
Ако сакате да направите добро за природата, почнете од **рециклирање на отпадот**. Четвртина од вкупниот отпад е стара хартија. За еден тон хартија треба 240 000 литри вода 4 700 kWh енергија и две дрвја, додека за еден тон рециклиран отпад треба 180 литри вода 2 750 kWh и ниту едно дрво.

Дали сте знаеле дека:

Ноевото око е поголемо од неговиот мозок.

Мечката има 42 заба.

Жирафите немаат гласни жици. Жирафите во вратот имаат приближно онолку коски колку човекот во цело тело.

Срце на колибри отчукува 1000 пати во минута.

Жабите не пијат вода, тие ја усисуваат преку кожа, така, додека нешто голтаат не можат да држат отворени очи.

Слонот ги користи ушите за регулирање на својата телесна температура



Крокодилите не можат да го поместат својот јазик.

Кога излегуваат од пештера лилјаците секогаш свртуваат на лево.



Просечна кокошка снесува 228 јајца.

Мачките не сакаат мирис на лимон.

Ајкулите се имуни на сите познати болести.



Коњите спијат во стоечка положба.



Делфините под вода слушаат звук кој допира одалеченост и од 24 килиметри

Софија Јакимовска, Клаудија Величковска – VIII г одделение

Vitamin booster smoothie

This bright and fresh smoothie brings lots of vitamins to your body. You need:

1 orange (peeled and chopped), 1 large carrot (peeled and chopped)
2 sticks of celery (washed and chopped), 50 gr mango (chopped) and
200 ml water

Put all the orange, carrot, celery and mango in the blender, top up with water,
and blend until smooth. Hope you enjoy it!

Breakfast smoothie

Make the most of the berry season with a glass of fruity goodness. You need:

1 small banana, 140g blackberries, blueberries, raspberries
or strawberries (or use a mix), some apple juice or water some honey.

Slice the banana into your blender and add the berries of your choice. Blend until smooth. Pour the juice or water to make the consistency you like. Put a few extra fruits on top, drizzle with honey and drink up! Hope you had a great breakfast

Navarin d'agneau

Ingrédients pour 6 personnes

600 g d'épaule d'agneau désossée, 600 g de collier d'agneau désossé
300 g de carottes nouvelles, 300 g de petits navets nouveaux
200 g de pois gourmands, 300 g de petits pois écossés, 1 gousse d'ail
25 cl de vin blanc, 20 g de beurre
1 bouquet garni

3 c. à soupe d'huile de maïs, farine, sucre en poudre, sel, poivre

Préparation :

Coupez la viande en morceaux. Epluchez et lavez tous les légumes. Pelez et hachez la gousse d'ail.
Faites chauffer l'huile dans une grande cocotte. Mettez-y les morceaux de viande à dorer sur toutes leurs faces. Quand ils sont bien colorés, sortez-les de la cocotte, videz les deux tiers de la graisse fondue et remettez la cocotte sur feu doux. Remettez la viande dans la cocotte, poudrez de sucre et de farine et faites cuire 3 minutes en mélangeant. Ajoutez alors le vin, mélangez, salez et poivrez. Laissez cuire à feu moyen pendant 8 minutes. Ajoutez l'ail et le bouquet garni. Complétez avec de l'eau pour que le liquide soit « à fleur » de la viande. Couvrez. Aux premiers bouillons, baissez le feu au minimum et laissez mijoter pendant 45 minutes. Pendant ce temps, faites fondre le beurre dans une sauteuse et faites revenir les carottes, navets et petits pois pendant 10 minutes en remuant. A la fin du temps de cuisson de la viande, ajoutez les carottes, navets et petits pois dans la cocotte et poursuivez la cuisson pendant 20 minutes. Cinq minutes avant la fin de la cuisson, ajoutez les pois gourmands. Rectifiez l'assaisonnement, versez le navarin dans un plat de service et servez immédiatement

Еколошки крстозбор

Потполни го крстозборот правилно



Хоризонтално

2. Главен град на Македонија

3. Нашата парична единица

5. Мојот роден град

7. Едно годишно време

8. Име на нашиот еколошки весник

9. Река која тече низ нашиот главен град

Вертикално

1. Природен сателит на нашата планета

2. Извор на енергија на нашата планета

4. Наука што ја изучува распределбата на живите организми и врските меѓу организмите и нивната средина

6. Име на нашата планета

Еколошките идеи и размислувања преку ликовни творби

III Д одделение

Еко маскенбал

Четирите годишни времиња

Еко модна ревија

УЧЕНИЦИ ОД ПОДРАЧНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО С. ТРОМЕЃА

16. септември	**Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка**
22. септември	**Меѓународен ден без возила**
26. септември	**Светски ден на чисти планини**
4. октомври	**Светски ден за заштита на животните**
8. октомври	**Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата**
15. октомври	**Светски ден на пешаците**
16. октомври	**Светски ден на храната**
17. октомври	**Меѓународен ден за образование на сиромашните**
8. ноември	**Меѓународен ден на урбаните животни средини**
27. ноември	**Меѓународен ден против потрошувачката треска**
29. декември	**Меѓународен ден на биодиверзитетот**
5. март	**Светски ден за заштеда на енергија**
21. март	**Ден на пролетта кога започнуваат активностите за заштита на околината**
21-28. март	**Денови на пролетта за заштита на околината**
22. март	**Светски ден за заштита на водите**
17. април	**Светски ден на здравјето**
22. април	**Светски ден на планетата Земја**
15. мај	**Меѓународен ден за заштита на климата**
24. мај	**Светски ден против пушењето**
5. јуни	**Светски ден за заштита на околината**

Уредници
Биљана Петковска – одделенски наставник
Дејан Младеновски – професор по географија

Илустрации
Лидија Николиќ – одделенски наставник
Слаѓана Ѓориќ- библиотекар(професор по македонски јазик)
Дејан Младеновски – професор по географија

Лектор
Сања Јакимовска – професор по македонски јазик

Соработници
Валентина Бојковска – професор по биологија
Маја Стефановска – одделенски наставник
Милица Тимчевска – професор по англиски јазик
Јагода Бојковска – професор по историја
Ангелина Клековска – одделенски наставник
Владанка Божурска – одделенски наставник
Ивана Нојковска – професор по хемија
Елена Марковска – професор по француски јазик
Татјана Петковска – одделенски наставник
Љубинка Велкова – одделенски наставнико
Габриела Бошковска – професор по физика
Сузана Стаменковска – професор по француски јазик
Сашка Јордановска – одделенски наставник

Координатор на Еко тимот
Данијела Стефановска – одделенски наставник